Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-339/5
05-06-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-339 од 2.5.2023 година, поднесена од [redacted] против [redacted] од Прилеп, за сторена дискримнација врз основа на сексуална ориентација во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 1.6.2023 година, го донесе следното

**МИСЛЕЊЕ**

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на сексуална ориентација во областа на јавно информирање и медиуми сторено од страна на [redacted] врз ЛГБТИ+ заедницата.

**Образложение**

На 2.5.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на [redacted] Скопје против [redacted] за сторена дискриминација врз основа на сексуална ориентација, во областа на јавно информирање и медиуми врз ЛГБТИ+ заедницата.

Во поднесената претставка се наведува дека на својот личен отворен профил на социјалната мрежа Фејсбук, директорот на ООУ „Климент Охридски"- Прилеп имал објава со текстуална содржина која гласела: „До развратните: Рецептот за среќно семејство го сочинуваат мајка татко и деца (маж и жена). Овие психо-развртени-неуротични-обратно згрешени работи како долу на сликата нема да ги учат нашите ученици!!!" Притоа, со текстот била објавена фотографија за која се тврдело дека е од работен лист кој се делел на ученици во ООУ „Свети Кирил и Методиј" во Општина Центар, Скопје. На работниот лист се зборува за „Рецепт за среќно семејство" а задачата е учениците со помош на зборовите напишани во срцето- забава, доверба, љубов, среќа, грижа, смеење и љубезност, да напишат рецепт за нивното среќно семејство. На работниот лист исто така има слики на кои се прикажани двајца мажи кои држат дете и две жени кои се држат за рака, односно како што се наведува, претставени биле истополови семејства. Подносителите на претставката наведуваат дека под објавата на [redacted] продолжил говор на омраза кон ЛГБТИ+ луѓето од страна на неговите пријатели и следбеници.

Имено, наведено е дека фотографијата била јавно објавена и со тоа споделувана на социјалната мрежа Фејсбук, понатаму иницирала дискусии и реакции на невладини организации, правници, но и активисти кои се занимаваат со областа на дискриминација врз ЛГБТИ+ заедницата.

Конкретно, до [redacted] која го пријавила [redacted] до Државниот просветен инспекторат (ДПИ). Во врска со ова, во прилог на претставката беше

доставена и слика од одговорот на ДПИ, во кој информираат дека за истото ќе не известат нам како Комисија за спречување и заштита од дискриминација.

Понатаму, [redacted] ги променил подесувањата на својот профил, со што профилот повеќе не бил јавен, туку приватен. Потоа профилот повторно бил отворен за јавноста, но вознемирувачкиот статус бил отстранет и било наведено дека од 27.3 до 8.4 профилот му бил одземен. Подносителите на претставката сметаат дека оправдано се сомневаат во точноста на ваквите тврдења и претпоставуваат дека откако бил контактиран од ДПИ, [redacted] го затворил профилот за јавноста, го избришал вознемирувачкиот статус и пред инспекторатот тврдел дека му е одземен профилот, односно дека тој не го напишал статусот.

Во претставката е наведено дека во конкретниот случај, објавената содржина на социјалната мрежа Фејсбук претставува говор на омраза, односно вознемирување врз основа на сексуална ориентација согласно член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Понатаму сметаат дека во објавата, ЛГБТИ+ луѓето се претставени како болни, штетни и опасни за општеството, а особено за децата. Со ваквиот говор, сметаат тие, [redacted] создал заканувачка, понижувачка, непријателска и застрашувачка средина за ЛГБТИ+ луѓето врз основа на сексуална ориентација.

Понатаму, бидејќи [redacted] е директор на основно училиште, подносителите се сомневаат дека со вакви изјави се загрозува и пристапот до основно образование на ЛГБТИ+ учениците од ООУ „Климент Охридски"- Прилеп. Велат дека доколку ЛГБТИ+ дете од ова училиште дознае дека директорот давал вакви изјави на социјална мрежа, тогаш тоа уште повеќе би се плашело за својата безбедност и за можноста, под еднакви услови, без страв и срам, да учи, да се развива и да ги реализира своите интереси и потенцијали. Оттука, тие го поставуваат и прашањето за капацитетите на [redacted] да води основно училиште и да го спроведува Законот за основно образование кој забранува дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, бара од училиштето да се преземаат мерки за превенција и наметнува спроведување на подзаконскиот акт „Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување", каде се препознава хомофобичното и трансфобичното насилство, се предвидува училиштето да води сметка и да посвети должно внимание за унапредување на добросостојбата на учениците од маргинализираните заедници и истите ги препознава како чести жртви на насилство.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 4.5.2023 година испрати Известување бр. 08-339/2 за произнесување по наводите од претставката до [redacted]

На ден 17.5.2023 година во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна одговор од страна на [redacted]

Во одговорот, [redacted] истакнува дека претходно бил пријавен и во ДПИ и кај Народниот Правобранител, па од таа причина истото ќе го наведе и до нас. Имено, тој првенствено наведува дека има 44 години од кои скоро 20 години по професија е професор по физичко и здравствено образование, а моментално ја обавува функцијата директор во основно училиште. Претходно бил и тренер на карате клуб, асистент на федерација, главен тренер, делегат, судија итн.

Во врска со содржината на претставката, тој истакнува дека апсолутно се согласува со истата во поглед на тоа дека коментарот кој бил споделен на неговиот профил на 30.3.2023 година бил навредлив кон одредена група на луѓе. Меѓутоа, како негова одбрана го наведува тоа што неговиот

профил на Фејсбук, Инстаграм и g-mail од 27 март му бил хакиран од досега непозната група на луѓе и во тој временски период не бил во можност да го контролира истиот профил. Воедно информира дека зборувал со полициски службеници и истото било уредно пријавено. Дополнително наведува дека истата објава му била пријавена повеќе од 200 пати од различни профили, по што профилот конечно бил блокиран за на крај да има соопштение на профилот дека истиот тој профил служи за продажба на криптовалути. Напоменува дека постот повеќе го нема на профилот и дека успеал да го врати како краен корисник својот профил. Исто така, хакирањето на профилот го пријавил и во компанијата Мета, но пред да си го врати профилот оттаму добил известување да се стрпи.

Преку образложението истакнува дека сака да се обрати и на двете здружение кои се подносители на претставката. Во таа насока истакнува дека како изградена спортска личност, позади себе имал оставено ученици со врвни спортски резултати. Притоа ја истакнува неговата семејна состојба, односно фактот дека е сопруг и родител на две деца и дека никогаш во неговиот живот не дискриминирал никого по никаков основ, на што ги учел и своите деца. Наведува дека во неговата кариера запознал луѓе од секакви групи и националности, меѓу кои и луѓе од ЛБТИ+ групата, со кои останал добар пријател до ден денес. Во тој контекст, тој упатува извинување, пред сѐ поради тоа што на неговиот профил, не по негова вина, имало ксенофобични изјави и вели дека во истиот момент кога успеал да го врати својот профил, се извинил јавно, за што постои и доказ.

Последно, истакнува дека е свесен за тоа дека таа изјава го нарушува неговиот авторитет и кредибилитет и дека како менаџер на образовна институција треба да биде пример за сите ученици и наставници во институцијата, па затоа вели, во иднина ќе се потруди неговите лични профили да бидат сериозно заштитени за да не дојде до вакво недоразбирање.

Земајќи ги предвид наводите во претставката, како и произнесувањето по истите, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека станува збор за извршено вознемирување од страна на [redacted] врз припадниците на ЛГБТИ+ заедницата, односно утврди дека е исполнета законската дефиниција на вознемирување содржана во **член 10 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:

„Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика“.

Согласно своите законски надлежности, Комисијата утврди дека [redacted] бил одговорен за содржината објавена на неговиот профил, која во конкретниот случај содржела вознемирувачки говор, односно поттикнувала дискриминација кон припадниците на ЛГБТИ+ заедницата. Имено, како директор на основно училиште, кај [redacted] постои особена одговорност за дадените изјави во јавност и искажани мислења. Во таа насока, вознемирувањето врз основа на сексуална ориентација сторено со спорната објава, претставува несоодветно дејствие од страна на просветен работник, особено имајќи го предвид Законот за основно образование кој ја нагласува заштитата од дискриминација и промоцијата на еднаквост, како и инклузивниот карактер на основното образование.

Воедно, Комисијата констатира дека во меѓувреме објавата со спорна содржина на неговиот профил е отстранета и објавено е извинување од страна на [redacted] Од таа причина, а согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

**П Р Е П О Р А К А**

Се препорачува на [redacted] во иднина да се воздржи од објавување содржини кои повикуваат или поттикнуваат дискриминација, како и содржини кои продуцираат дискриминирачка и вознемирувачка содржина.

Скопје
1.6.2023 година

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:

- [redacted]